**20162224896**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.12.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр.102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11, 147/12, 117/14 и 31/16) во членот 2 став 1 по точката 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„15. Пелети, печки на пелети и котли на пелети, распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 4401 31 00 00 | -- Дрвени пелети |
| 2. | Ex.7321 89 00 00 | --Печки за загревање на простории, други апарати, други, вклучувајќи апарати на цврсти горива<br>* Печки за загревање на простории на пелети |
| 3. | Ex.8403 10 10 00 | --Котли за централно греење, котли, од леано железо<br>* Котли за централно греење на пелети |
| 4. | Ex.8403 10 90 00 | --Котли за централно греење, котли, друго<br>* Котли за централно греење на пелети |

“

Во НАПОМЕНАТА во ставот 3 зборовите: „и 14“ се заменуваат со зборовите: „14 и 15“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8507/1
26 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.